ткаење солидарност



преку раце и уде

осмислување на заедништвото преку
женското кооперативно здружување

импресум

НАСЛОВ НА ИЗДАНИЕТО:
ТКАЕЊЕ СОЛИДАРНОСТ – ОД РАЦЕ ДО СРЦЕ: ОСМИСЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИШТВОТО ПРЕКУ ЖЕНСКОТОКООПЕРАТИВНО ЗДРУЖУВАЊЕ

ИЗДАВАЧ:
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНСКАТА АКТИВНОСТ „ТИИИИТ!ИНК.“

УРЕДНИЧКИ:
АНДРЕА УГРИНОСКА
НЕДА ЧАЛОВСКА-ДИМОВСКА

АВТОРКА:
ЛИЛЈАНА ЈОНОВСКИ

ЛЕКТУРА:
ИВАНА КУЗМАНОСКА

ДИЗАЈН И ГРАФИЧКО УРЕДУВАЊЕ:
НАСТАСЈА ЗДРАВКОВСКА

ПЕЧАТ:
КОНТУРА

ТИРАЖ:
100
© ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНСКАТА АКТИВНОСТ „ТИИИИТ!ИНК.“ - СКОПЈЕ, 2025

ИЗДАНИЕТО Е ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНО ОД ФОНДАЦИЈАТА KVINNA TILL KVINNA, ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „FEMINIST PRAXIS 2.0“

KVINNA KVINNA

Sweden Sverige

ОВОЈ МАТЕРИЈАЛ Е ФИНАНСИРАН ОД ШВЕДСКА, KVINNA TILL KVINNA, КОИ НУЖНО НЕ СЕ СОГЛАСУВААТ СО ИЗНЕСЕНИТЕ МИСЛЕЊА. САМО АВТОРОТ Е ОДГОВОРЕН ЗА СОДРЖИНАТА.

СОДРЖИНА

ВОВЕД.....3

МЕТОДОЛОГИЈА.....4

1. ЗАДРУГАРСТВО ИЛИ КООПЕРАТИВНО ЗДРУЖУВАЊЕ.....5

2. ЗАДРУГИ НАСПРОТИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА И ОСНОВНИ ДИЛЕМИ ОКОЛУ ЗАДРУГАРСТВОТО.....8

3. ПРИНЦИПИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ЗАДРУГИТЕ И ВИДОВИ ЗАДРУГИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ЖЕНСКОТО ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА 9

3.1. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ.....11

3.2. РАБОТНИЧКИ КООПЕРАТИВИ.....13

3.3 КООПЕРАТИВИ ЗА СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ.....15

4. ИНТЕГРАЦИЈА НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ВО СИСТЕМОТ ПРЕКУ ФОРМИРАЊЕТО ЖЕНСКИ КООПЕРАТИВИ.....18

4.1. ЖЕНСКИТЕ ЗАДРУГИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН 19

ЗАКЛУЧОЦИ.....22
ПРЕПОРАКИ.....24
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....26

Иако во Република Северна Македонија зборуваме за традиција во задругарството од скоро 180 години, сè уште не можеме да зборуваме за големи достигнувања во вклучувањето на граѓаните во кооперативното здружување како модел на работење. Додека во Европа речиси секој петти граѓанин, особено ако е земјоделски производител, е член на некоја задруга и бројот на вработени во задругите оди од 3 до 10 %, кај нас тој процент е многу помал.



ВОВЕД

ВО ОВОЈ СВЕТ НА ГЛОБАЛЕН РАЗВОЈ И СОВРЕМЕН НАЧИН НА ЖИВОТ, КАДЕ ШТО ЕДИНСТВЕНА ЦЕЛ Е ПРОФИТОТ, ЗАДРУГАРСТВОТО СЕПАК СЕ ЈАВУВА КАКО ПРИДВИЖУВАЧ НА РАЗВОЈОТ НА СТОПАНСТВАТА. ЗА ЗАДРУГИТЕ СÈ УШТЕ ПРЕОВЛАДУВА ТЕЗАТА ДЕКА СЕ СОЦИЈАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ, НО СЕ ПОГОЛЕМОТО ПРИСУСТВО НА ОВОЈ КОНЦЕПТ ВО РАЗНИ СЕКТОРИ УКАЖУВА И НА ДРУГИ СОСТОЈБИ. АНАЛИТИЧАРИТЕ НА ЗАДРУЖНИ ИДЕИ ОДАМНА СЕ СОГЛАСНИ ДЕКА Е ТЕШКО ДА СЕ НАЈДЕ НЕКОЈА КОРИСНА ДЕЈНОСТ ИЛИ ВРШЕЊЕ НА НЕКОЈ КОРИСНИ ОПШТЕСТВЕНИ СЛУЖБИ КОИ НЕ БИ МОЖЕЛЕ ДА СЕ ИЗВРШУВААТ ПО ЗАДРУЖЕН ПАТ.

Менталитетот, отсуството на доверба помеѓу себе, недовербата во системот и стереотипите кои се резултат на негативните искуства од задругите во поранешниот систем се клучните причини поради кои македонските земјоделци се незаинтересирани за здружување. Но, како и насекаде во светот, без оглед на тоа колку е скромно кај нас, кооперативното здружување покажува цврстина во надминувањето на економските и социјални кризи, и тоа не само преку формирање земјоделски задруги, туку исто така и преку формирање работнички задруги, односно здружување на работниците заради остварување поголем економски бенефит. Ова значи дека се формираат задруги каде што производителите го препознале моделот на социјално претприемништво и увиделе дека им е потешко да работат сами. Освен во делот на економската активност, развојот на кооперативите се одвива и во насока на згрижување лица кои се наоѓаат во социјален ризик, зависници, бездомници итн., како и во делот на заедничкото или т.н. социјално домување, кое како здружување во нашата држава, за жал, сè уште не е препознаено.

Токму во таа насока служи оваа анализа, односно да ги прошири видиците и перспективите за задругите, можностите што тие ги нудат и областите во општественото живеење каде што може да се применат, а како одговор на женското зајакнување во економијата, солидарноста и домувањето.

Методологија

МЕТОДОЛОГИЈАТА ПО КОЈА СЕ РЕАЛИЗИРА ИСТРАЖУВАЊЕТО ОПФАТИ РАЗЛИЧНИ АЛАТКИ И ТЕХНИКИ КОИ БЕА КОРИСТЕНИ ВО РАЗЛИЧНИ ФАЗИ ОД ИЗРАБОТКАТА НА АНАЛИЗАТА, И ТОА:

1. Анализа на Законот за задруги и негови измени и дополнувања од 2002 година, Законот за земјоделски задруги од 2013 година со измени и дополнувања и актуелниот Закон за задруги од 2023 година; Исто така, се анализираше и Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство од 2021 година во делот на давање услуги за социјална заштита, како и Законот за домување (пречистен текст 2022 година)

2. Прибирање квантитативни и квалитативни податоци за дејствувањето на кооперативите во практика – најчести предизвици со кои се соочуваат кооперативите во дејствувањето, анализа на работата на кооперативите што се управувани од жени или имаат доминантни управувачки женски структури, области во кои најчесто работат преку спроведување на 3 теренски интервјуа со женска кооператива која дејствува во рамките на манастирот „Св. Богородица Пречиста", Кичево, Македонска асоцијација на земјоделски задруги и женска задруга Преспанка;

3. Компаративна анализа на дејствувањето на женските кооперативи во земјите на Западен Балкан, како и анализа на добрите практики од Европа опфаќајќи ги потенцијалите, но и предизвиците во нивното функционирање, вклучувајќи ги и работничките кооперативи и кооперативите за заедничко домување;

4. Утврдување на видовите услуги и сервиси што ги дава државата за жртви на семејно насилство на национално и локално ниво и утврдување потенцијали и можности за развој на женски кооперативи, кооперативи кои би биле поддршка и одговор на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат жените жртви на насилство или жените во социјален ризик, како во економското дејствување така и во нивната социјална инклузија, вклучувајќи го и домувањето.

ЗАДРУГАРСТВО ИЛИ КООПЕРАТИВНО ЗДРУЖУВАЊЕ

Најмногу поради причината да се избегне некогашниот термин „задруги" или „задругарство" од некогашниот социјалистички систем, кои се распаднаа и имотот и профитот завршија за приватни цели и во рацете на малкумина, денес во светот сè почесто се настојува да се користи терминот кооперативи иако горе-долу значењето е исто, па најчесто низ оваа анализа ќе го користиме терминот задруги, кој е дел и од законската и правна регулатива во нашата земја.

МЕЃУНАРОДНАТА АЛИЈАНСА НА ЗАДРУГИ ГИ ДЕФИНИРА ЗАДРУГИТЕ КАКО „АВТОНОМНИ АСОЦИЈАЦИИ НА ЛИЦА ОБЕДИНЕТИ ДОБРОВОЛНО ДА ГИ ЗАДОВОЛАТ ЗАЕДНИЧКИТЕ ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ И КУЛТУРНИ ПОТРЕБИ И АСПИРАЦИИ ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ И ДЕМОКРАТСКО КОНТРОЛИРАНО ПРЕТПРИЈАТИЕ". ЗАДРУГИТЕ СЕ БАЗИРААТ НА ВРЕДНОСТИ КАКО ШТО СЕ САМООДГОВОРНОСТ, ДЕМОКРАТИЈА, ЕДНАКВОСТ, РАМНОПРАВНОСТ И СОЛИДАРНОСТ. ОД ДРУГА СТРАНА, ВО СВОЈАТА РАБОТА, КАКО И ВО ОДНОСИТЕ МЕЃУ ЧЛЕНОВИТЕ, ЗАДРУГИТЕ СЕ ДОЛЖНИ ДА ГИ ПОЧИТУВААТ 7. ПРИНЦИПИ НА ДОБРОВОЛНО И ОТВОРЕНО ЧЛЕНСТВО, ДЕМОКРАТСКО ВЛАДЕЕЊЕ, ЕКОНОМСКА ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ, АВТОНОМИЈА И НЕЗАВИСНОСТ, ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОБУКИ, ЕДУКАЦИИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ЧЛЕНСТВОТО, СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЗАДРУГИТЕ, ГРИЖА ЗА ЗАЕДНИЦАТА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ. ЗАДРУГАРСКИТЕ ПРИНЦИПИ СЕ НАСОКИ ПРЕКУ КОИ ЗАДРУГИТЕ ГИ ПРИМЕНУВААТ СВОИТЕ

ЗАДРУГИТЕ, ЗА РАЗЛИКА ОД ДРУГИТЕ ЕКОНОМСКИ МОДЕЛИ КОИ СЕ НАСОЧЕНИ ГЛАВНО КОН ОСТВАРУВАЊЕ ПРОФИТ, ИМААТ ПОШИРОК И ПОЕФЕКТИВЕН ВРЕДНОСЕН СИСТЕМ. ТИЕ СЕ НАСОЧЕНИ КОН ПОЕФЕКТИВЕН ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ, БОГАТСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА, СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ, ОТВОРАЊЕ РАБОТНИ МЕСТА, ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА СВОИТЕ ЧЛЕНОВИ. ИСТОВРЕМЕНО ТИЕ СЕ МНОГУ ПОИНКЛУЗИВНИ ВО ОДНОС НА ОПФАТ НА ЧЛЕНСТВО ОТКОЛКУ ДРУГИТЕ ФОРМИ НА ЕКОНОМСКИ МОДЕЛИ, БЕЗ РАЗЛИКА ДАЛИ СТАНУВА ЗБОР ЗА ДРЖАВНИ/ВЛАДИНИ ИЛИ ПРИВАТНИ ЕКОНОМСКИ МОДЕЛИ. ЗАДРУГИТЕ СЕ СКЛОНИ ДА ИНВЕСТИРААТ И ДА ГИ ПОДДРЖАТ СВОИТЕ ЧЛЕНОВИ ПРЕКУ ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКИ. СОГЛАСНО ПРИНЦИПИТЕ, ТИЕ СЕ БАЗИРААТ НА ДОБРОВОЛНО ЧЛЕНСТВО И НА ТОЈ НАЧИН ИМААТ ПОТЕНЦИЈАЛ ДА ВКЛУЧАТ ПОШИРОК СПЕКТАР НА ЛИЦА СО РАЗЛИЧЕН ПРОФИЛ. ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА СМЕТА ДЕКА ЗАДРУГИТЕ СЕ ОДЛИЧЕН ПРИМЕР ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЕ СЕ ЗАЛАГА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРЕТПРИЕМАЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ ЦЕЛИ, А ИСТОВРЕМЕНО ЗАДРУГИТЕ СЕ И ПОТТИКНУВАЧИ НА ВРАБОТУВАЊЕТО, ОПШТЕСТВЕНАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕГРАЦИЈА, ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ, РЕГИОНАЛНИОТ И ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ РАЗВОЈ, ШТО ЗНАЧИ ДЕКА НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗАНЕМАРИ СОЦИЈАЛНАТА ДИМЕНЗИЈА НА ЗАДРУГИТЕ.



[1] Fiona Duguid and Nadya Weber, (International Co-operative Alliance, 2016) Gender equality and women's empowerment in co-operatives достапно на https://www.ica.coop/sites/default/files/publication-files/-womencoops-literature-review-1641374184.pdf

[2] Europen economic and social commitee, https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2005:234:0001:0007:EN:PDF

ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ОКОЛУ 140 МИЛИОНИ ЛУЃЕ СЕ ЧЛЕНОВИ НА ЗАДРУГИ И СЕ ПРОЦЕНУВА ДЕКА ИМА ОКОЛУ 300.000 ЗАДРУГИ КОИ ОБЕЗБЕДУВААТ ВРАБОТУВАЊЕ ЗА ОКОЛУ 2,3 МИЛИОНИ ЛУЃЕ.

На ниво на ЕУ, задругите се признати во посебен Договор за основање на Европската заедница. Европската комисија има единица одговорна за занаети, мали бизниси и задруги и посветува посебно внимание на овој вид здружување. Во 2014 година е усвоен и Статутот за европска кооперативна заедница и Директива која го дополнува и засилува неговото значење. Бројот на задругите во Финска го надминува бројот на севкупната популација. Во Германија, пак, 1,4 милиони луѓе се членови на земјоделски задруги. Во Италија во 2014 има регистрирано околу 6.000 земјоделски задруги. Во глобални рамки, една милијарда луѓе се членови на задруги и тие обезбедуваат приход за егзистенција за околу 250 милиони луѓе. Задругите учествуваат со 4-40 % во БДП на државите во зависност од секторите. Една половина од храната во светот се произведува, преработува и/или се комерцијализира преку задруги.[3]



На африканскиот континент околу 7 % од вкупната популација членува во некој вид задруга и бројот на новоформирани регистрирани задруги се зголемува на дневно ниво. Најголем дел од нив се земјоделски и осигурителни и кредитни задруги. Само во Кенија, на пример, се проценува дека задругите вработуваат над 300.000 работници директно и генерираат 2 милиони работни места индиректно. [4]

Задругите не се хомогена група на претпријатија. Тие работат во сите сектори. Може да бидат еднонасочни или повеќенаменски и може да им служат исклучиво на нивните членови, но и на оние што не се членови, како и на пошироката јавност. Постојат неколку видови задруги: земјоделски, потрошувачки, работничко-производувачки, станбени, задруги за осигурување, кредитни или задружни банки, задруги за комунален развој. Во анализата акцентот ќе се стави на земјоделските задруги. Во светот постојат и женски задруги кои во членството имаат исклучиво жени и кои, исто така, може да бидат од различен вид.

[3] Investing in collective action:opportunities in agrifood cooperatives (FAO, Food and Agriculture, 2018) http://www.fao.org/3-ca1198en/CA1198EN.pdf f

[4] Eva Majurin, (ILO, 2012) How women fare in East African cooperatives: the case of Kenya, Tanzania and Uganda, https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/---emp_ent/---coop/documents/publication/wcms_735776.pdf

Во Република Северна Македонија задругите датираат од раните почетоци на 20 век, а подемот го доживуваат по Втората светска војна со формирањето на земјоделските задруги. Зошто се потребни задруги?

Иако законската регулатива нуди можност за здружување во сите сфери на општественото живеење, поради традиционалните проблеми со откупот на земјоделските производи, ниските откупни цени, неисплаќање, расцепканоста на земјиштето и голем број мали индивидуални земјоделци, а поради потребата од заеднички настап пред локалните и националните власти, поради колективната свест за општо добро, најчесто се формираат задруги во земјоделството или земјоделски задруги, кои се и најпрепознаени во македонскиот правен систем.

Во Европа, а и во светот, освен земјоделските, како правни форми на здружување на работниците **се препознаени и работничките кооперативи**. Работничките кооперативи почнуваат да се појавуваат во втората половина на 19 век во Европа, период во кој има брутална експлоатација на работничката класа од страна на буржоаските капиталисти, па ваквиот начин на работничко здружување претставувал еден вид прагматичен одбранбен механизам на работниците. Ако на ова ги додадеме и катастрофалните работни услови на тогашната работничка класа, тогаш и повеќе од јасен станува фактот што ваквиот вид заедничка сопственост претставува можност за поголема економска слобода и сигурност на работникот и подобри работни услови.

Третиот вид задруги, односно кооперативи кои се предмет на разработка во оваа анализа и кои може да бидат доста искористени и во нашата земја, се кооперативите за домување и социјално домување. Кај нас ваквите кооперативи се споменуваат и во Националната стратегија за деинституционализација на услуги, а правото на домување на лицата од социјален ризик е споменато и во Законот за локална самоуправа[5], во делот за „Социјалната заштита и заштита на децата" заедно со детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно-социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигнување на свеста на населението; остварување право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Споредебено, во Шведска кооперативите за домување опфаќаат дури 23 % од целокупното домување во државата.[6]

[5] Закон за локална самоуправа – пречистен текст; https://mtc.gov.mk/mediafiles/2022/2.%20%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%B-D%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D0%B0%D0%BC%D0%BE%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0%20-%20%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD.pdf

[6] Co-operative housing in Sweden; https://www.housinginternational.coop/wp-content/uploads/2019/01/Anders-Lago2c-International-experiences-with-housing-cooperatives2c-PP2c-Kev-2018.pdf

ЗАДРУГИ НАСПРОТИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА И ОСНОВНИ ДИЛЕМИ ОКОЛУ ЗАДРУГАРСТВОТО

Покрај тоа што постојат многу сличности помеѓу задругите и трговските друштва, сепак, помеѓу нив има и значајни разлики. Кај друштвата со ограничена одговорност и акционерските друштва содружникот или акционерот кој има поголем удел во сопственоста има и поголемо влијание во донесувањето одлуки. За разлика од нив, кај задругите важи правилото „еден член, еден глас", односно секој член има еднакво влијание. Целта на трговските друштва е да остварат што поголем профит, додека целта на задругите е членовите да остварат поголем профит, а добивката правилно да се распредели помеѓу нив. Добивката во задругата се распределува според обемот на користење на услугите на задругата, за разлика од трговските друштва каде што се распределува врз основа на уделот во сопственоста.

Првата дилема во однос на задругите е нејзината профитабилност и изворите на финансирање. Независно од фактот дека задругите имаат истовремено и економски и социјални цели, мора да се подвлече дека тие се, пред сè, економски организации – што значи дека во работењето мора да остваруваат успех за да можат да опстанат. Во исто време, важно е да се истакне дека задругата е непрофитна организација, поради тоа што профитот не потекнува од надворешните интереси, туку основната цел за нејзиното постоење е исполнување на потребите и барањата на нејзините членови. Членовите на задругата заеднички ги носат одлуките во однос на работењето, но истовремено носат и заедничка одговорност во случајот на лошо работење на задругата.

Во литературата за задружната проблематика често се среќава и дилемата на релација мали-големи задруги. Меѓутоа, како доказ дека големината не е одлучувачка за суштинското битие за задругата, може да се земе пример за десетина сиромашни земјоделци кои покрај сопствените, повеќето традиционални, средства за производство, произведуваат самостојно и заедно ги продаваат своите производи, формирајќи на тој начин задруга. Но, продажбата на производи на задружна основа може да биде корисно и за повеќе десетици и стотици големи индивидуални фарми, кои користат скапа и модерна технологија во производството. Во двата случаи може да стане збор за вистинска задруга со една разлика – дека е потешко и покомплицирано да се управува со втората задруга токму поради нејзината големина. Иако во претходниот Закон за задруги од 2013 година обемот на задругите се определува на мали (задруга која има повеќе од 10, а помалку од 19 члена) и големи (кои имаат над 20 члена), врз основа на што и ќе зависи напорот во нејзиното менаџирање, во новиот Закон од 2023 година оваа поделба ја нема.

3 ПРИНЦИПИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО ЗАДРУГИТЕ И ВИДОВИ ЗАДРУГИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ЖЕНСКОТО ЕКОНОМСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

КАКО ШТО БЕШЕ СПОМЕНАТО И ПОГОРЕ, ВАЖЕЧКИОТ ЗАКОН ЗА ЗАДРУГИ Е ДОНЕСЕН ВО 2023 ГОДИНА, СО ШТО ПРЕСТАНУВААТ ДА ВАЖАТ ПРЕТХОДНИТЕ ЗАКОНИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ И ЗАКОНОТ ЗА ЗАДРУГИ. КАКО ОСНОВНА ДЕФИНИЦИЈА ЗА ЗАДРУГА ВО ЧЛЕН 2 СТОИ: ЗАДРУГАТА Е ЗДРУЖЕНИЕ НА ФИЗИЧКИ И/ИЛИ НА ПРАВНИ ЛИЦА, КОИ ДОБРОВОЛНО СЕ ЗДРУЖУВААТ ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ, КУЛТУРНИ И ДРУГИ ИНТЕРЕСИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОСЕДУВАНО И ДЕМОКРАТСКИ УПРАВУВАНО. ВО РАМКИТЕ НА ЗАКОНОТ СЕ ДЕФИНИРААТ И ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЗАДРУГИТЕ, КОИ СЕ ПРИФАТЕНИ И ВО НАЈГОЛЕМИОТ БРОЈ ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ, И ТОА:[7]

1. **Доброволно и отворено членство** – Задругите се доброволни организации отворени за сите лица што имаат потреба од услугите кои ги нуди задругата. Сите тие мора да ги прифатат сите одговорности за членство без какви било дискриминаторски однос кон половите, социјалните, политичките или религиозните разлики;

2. **Демократска контрола од страна на членовите** – Задругите се демократски организации управувани од членовите и тие земаат активна улога во сите процеси на донесување одлуки;

3. **Совесно, чесно и одговорно штитење и чување на интересите на задругата** – овој принцип се воведува како научена лекција од досегашното искуство во работата на задругите и од претходниот систем, па е од особена важност да се работи совесно, чесно и одговорно, како и во интерес на членовите и задругата како правен ентитет;

4. **Економска партиципација на членовите** – Членовите на задругата плаќаат членарина како придонес на задругата, но истовремено имаат контрола на финансиските средства. Членовите/сопствениците плаќаат годишна членарина која е процент од севкупниот обрт на членот со задругата. Вкупниот износ на уплатената членарина одредува на колкав дел од задругата еден член е сопственик.

5. **Автономија (самостојност) и независност** – Задругите се самостојни и независни организации управувани само од членовите. Задругите се независни компании кои се управувани од своите членови и постојат за да можат членовите сами да си помогнат без мешање од страна на државните институции во услови на пазарна економија;

6. **Автономија (самостојност) и независност** – Задругите се самостојни и независни организации управувани само од членовите. Задругите се независни компании кои се управувани од своите членови и постојат за да можат членовите сами да си помогнат без мешање од страна на државните институции во услови на пазарна економија;

[7] Закон за задруги, 2023 година

7.Соработка помеѓу задругите – Задругите им служат на своите членови на најдобар начин преку овозможување соработка од каков било вид меѓу членството, но и овозможуваат соработка помеѓу задругите и заедничко дејствување. Задругите треба да соработуваат меѓу себе на локално, регионално, државно и меѓународно ниво за постигнување на заедничките цели и промоција на задружното движење.

8. Грижа за заедницата - Со фокусирање на потребите на членовите, задругите работат и придонесуваат за одржлив развој на нивните заедници и општеството. Истовремено, задругите работат на одржлив развој на нивните средини.



СПОРЕД ЗАКОНОТ, ЗАДРУГА МОЖЕ ДА **ОСНОВААТ НАЈМАЛКУ ПЕТ ФИЗИЧКИ И/ИЛИ ПРАВНИ ЛИЦА**, А СЕ ОСНОВА НА ОСНОВАЧКО СОБРАНИЕ НА КОЕ СЕ ДОНЕСУВА СТАТУТОТ НА ЗАДРУГАТА И СЕ ИЗБИРААТ ОРГАНИТЕ НА ЗАДРУГАТА. ОСНОВАЧКОТО СОБРАНИЕ ГИ ОДОБРУВА СИТЕ ПИСМЕНИ ИЗВЕШТАИ ИЗГОТВЕНИ И ДОСТАВЕНИ ОД СТРАНА НА ОСНОВАЧИТЕ ВО ВРСКА СО ВЛОГОВИТЕ ИЗРАЗЕНИ ВО ПАРИ, СТВАРИ ИЛИ ПРАВА, КАКО И ВО ВРСКА СО ПОЧЕТНИОТ ИМОТ НА ЗАДРУГАТА. ЗАДРУГИТЕ МОЖЕ ДА ОСНОВААТ ПОДРУЖНИЦИ КОИ НЕМААТ СВОЈСТВО НА ПРАВНО ЛИЦЕ.

СПОРЕД ДЕЈНОСТА, ПАК, ЗАДРУГАТА МОЖЕ ДА БИДЕ: **ЗЕМЈОДЕЛСКА, СТАНБЕНА, РАБОТНИЧКА**, ЗАНАЕТЧИСКА, МЛАДИНСКА, ГРАДЕЖНА, ЕНЕРГЕТСКА И ДРУГИ ВИДОВИ ЗАДРУГИ, А ТИЕ ДРУГИ ВИДОВИ МОЖЕ ДА БИДАТ НАСОЧЕНИ ТОКМУ КОН СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ИНТЕГРАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО, КАКО И ЖЕНИТЕ ШТО СЕ НАОЃААТ ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК. ОСВЕН ШТО СЕ ОБЕЗБЕДУВА ЗАШТИТА, ИСТОВРЕМЕНО МОЖЕ ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ И НИВНА ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ, ШТО Е И ОСНОВНАТА ДЕЈНОСТ НА ЗАДРУГИТЕ БАРЕМ ВО ДОСЕГАШНОТО НИВНО ДЕЈСТВУВАЊЕ, ПА ДЕЛ ОД ЕКОНОМСКИОТ ПРОФИТ МОЖЕ ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ТОКМУ ЗА РАЗВИВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ОД КОИ ИМА ПОТРЕБА ВО НАШАТА ДРЖАВА, СЕКАКО, ВО СООДВЕТНА КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ.



ВО СЛЕДНИОТ ДЕЛ ОД АНАЛИЗАТА СЕ РАЗРАБОТЕНИ ТРИТЕ ФОРМИ НА ЗДРУЖУВАЊЕ ВО ЗАДРУГИ КОИ ЗНАЧАЈНО МОЖЕ ДА ПРИДОНЕСАТ КОН УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ И СОЦИЈАЛЕН СТАТУС НА ЖЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО.

3.1. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

ПРЕКУ ЗДРУЖУВАЊЕТО ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ, ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ СЕ ЗДОБИВААТ СО ПОГОЛЕМА МОЌ ПРИ ПРЕГОВАРАЊЕ И ПЛАСМАН НА ПРОИЗВОДИТЕ ПОРАДИ ПОМАЛИТЕ/ПОНИСКИТЕ ЦЕНИ ПРИ ЗАЕДНИЧКАТА НАБАВКА НА ПОТРЕБНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ПОРАДИ ПРИНЦИПИТЕ НА РАМНОПРАВНОСТ И ДЕМОКРАТИЧНОСТ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ВО РАСПРЕДЕЛБАТА НА ОСТВАРЕНИОТ ПРОФИТ КОЈ ИМ СЕ ВРАЌА НА ЧЛЕНОВИТЕ, А НЕ ГО МАКСИМИРА САМАТА ЗАДРУГА.[8] ПОРАДИ ЕКОНОМСКИТЕ БЕНЕФИЦИИ, ПОСТОЈАТ МОЖНОСТИ ЗА СТРУЧНА НАДГРАДБА НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, НО И ПРОШИРУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ ВЕШТИНИ, КАКО ШТО СЕ КОМУНИКАЦИСКИТЕ, ЗАСТАПУВАЊЕТО И ЛОБИРАЊЕТО. ЗАДРУГИТЕ СЕ ПРИВЛЕЧНИ ЗАТОА ШТО МОЖАТ ДА ОБЕЗБЕДАТ НЕКОИ ВИДОВИ ЈАВНИ ДОБРА И СНАБДУВАЊЕ СО УСЛУГИ ШТО ПАЗАРОТ ЧЕСТОПАТИ НЕ Е ВО МОЖНОСТ ДА ГИ ОБЕЗБЕДИ. ЗАДРУГАРСТВОТО Е НАЈБРЗ И НАЈПОВОЛЕН НАЧИН ЗА ОКРУПНУВАЊЕ НА ПАРЦЕЛИТЕ.

ЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ СЕ ВАЖНИ ВО ГЛОБАЛНИ РАМКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ, ОСОБЕНО ЦЕЛТА БР. 2 – СТАВАЊЕ КРАЈ НА ГЛАДОТ, ПОСТИГНУВАЊЕ БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ПОДОБРЕНА ИСХРАНА И ПРОМОВИРАЊЕ ОДРЖЛИВО ЗЕМЈОДЕЛСТВО, КАКО И ЦЕЛТА БР. 1 – СТАВАЊЕ КРАЈ НА СИРОМАШТИЈАТА ВО СИТЕ НЕЈЗИНИ ФОРМИ И НАСЕКАДЕ. ВО РАМКИТЕ НА ВТОРАТА ЦЕЛ КАКО ПОТЦЕЛ СЕ ЈАВУВА УДВОЈУВАЊЕТО НА ПРОДУКТИВНОСТА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ПРИХОДИТЕ НА МАЛИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ХРАНА, А ОСОБЕНО НА ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА. ВО РАМКИТЕ НА ОВАА ЦЕЛ СЕ ПРЕДВИДУВА ДО 2030 Г. ДА СЕ ОСИГУРАТ ОДРЖЛИВИ СИСТЕМИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИСПОСОБЛИВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИКИ КОИ ГИ ЗГОЛЕМУВААТ ПРОДУКТИВНОСТА И ПРОИЗВОДСТВОТО. ЦЕЛТА ПРЕДВИДУВА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ, ПОДОБРУВАЊЕ НА РУРАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ИСТРАЖУВАЊА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО.[9]

[8] Земјоделски задруги, можности и предизвици, трета работна сесија, https://nkeu.mk/wp-content/uploads/2018/12/RG1-RS3-Zemjodelski-zadrugi-MK.pdf

[9] Цели за одржлив развој, https://konekt.org.mk/klub-na-odgovorni-biznisi/united-nations-global-compact/sdgs-and-10-principles/celi-na-odrzhliv-razvoj/

Работата на земјоделските задруги, како што беше споменато и погоре, до 2019 година е регулирана согласно Законот за земјоделски задруги. [10] Овој закон е донесен во 2013 година и оттогаш има претрпено неколку измени и надополнувања во 2015 и 2016 год. Усвојувањето на овој Закон е многу важно од аспект на регулирање на работата на земјоделските задруги и подобро позиционирање на самите земјоделски работници. Законот ги дефинира дејностите на земјоделските задруги, условите и критериумите за основање, а согласно тоа се одредува и обемот на земјоделските задруги. Задругите се евидентираат во Регистарот на земјоделски задруги од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Согласно Законот, земјоделска задруга може да формираат најмалку 10 земјоделски стопанства. Секое засебно земјоделско стопанство може да членува во повеќе земјоделски задруги. Важно е да се напомене дека едно земјоделско стопанство не смее да поседува повеќе од 30 % од производствените капацитети на задругата (чл. 7) Во зависност од бројот на членовите и производните капацитети на земјоделската задруга, тие се класифицираат како задруги од мал и од голем обем. Земјоделските задруги, согласно овој Закон и Законот за земјоделство и рурален развој, имаат право на финансиска поддршка од страна на државата. Земјоделските задруги од голем обем можат да добијат и финансиска поддршка за ангажирање лице од областа на земјоделските науки и ветерина. Задругите се должни да водат евиденција на своите членови и на производствените капацитети на членовите и на задругата.

Истражувањата укажуваат на тоа дека земјоделските задруги во глобални рамки се важни и за затворање на родовиот јаз во пристапот до ресурси, како што се имот и земјиште, односно сопственост на имот и земјиште од страна на жените. Исто така, тие придонесуваат и за јакнење на капацитетите на жените во претприемачките вештини, вештините за менаџирање и застапување на интересите на жените од руралните области пред локалните и националните власти. Ваква поставени, задругите може многу лесно да ја прошират својата дејност со тоа што ќе ангажираат жени изложени на насилство, жени во социјален ризик, самохрани мајки итн. Токму тука може да се направи и целосна реализација и интеграција на сегашната дефиниција на важечкиот Закон за задруги [11], каде што во членот 2 задругата е дефинирана како здружение на физички и/или на правни лица, кои доброволно се здружуваат заради остварување економски, **социјални**, културни и други интереси, заеднички поседувано и демократски управувано.

Во 2016 год. во државава се регистрирани 32 земјоделски задруги, од кои 7 од голем обем и 25 од помал обем. Во 2018 год., пак, во државава се регистрирани 37 земјоделски задруги, од кои 6 се од голем обем, односно со повеќе од 20 членки, додека пак 31 биле со мал обем, односно до 19 членки. Во 2019 год. во Регистарот на земјоделски задруги се регистрирани 54 задруги. Родовата застапеност е загрижувачка, односно согласно последните податоци 16 % се жени, додека пак само7 % се млади. Како за илустрација, во Италија 50 % од членките во земјоделските задруги се жени. Согласно последните податоци од Министерството за земјоделство и согласно Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027), заклучно со 2021 година биле запишано 61 задруга, од кои само 44 се активни, додека пак вкупниот број на земјоделски стопанства здружени во задруги е околу 790. Главните слабости остануваат неможноста за стекнување поширока доверба, слабиот менаџерски капацитет, ограниченият пристап на нови членови и следствено малиот просечен број на членови по задруга, како и фокусираност кон заедничка набавка на репроматеријали или производство наместо кон концертирање на понудата.

[10] Закон за земјоделски задруги; https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/%D0%97%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%D0%B4%D1%80%D1%83%D0%B3%D0%B8%20%D0%97%D0%90%D0%9A%D0%9E%D0%9D%20%D0%97%D0%90%20%D0%97%D0%95%D0%9C%D0%88%D0%9E%D0%94%D0%96%D0%3B%D0%A1%D0%9A%D0%98%20%D0%97%D0%90%D0%94%D0%A0%D0%A3%D0%93%D0%98.rar

[11] Закон за задруги, „Сл. весник“, бр. 101, 16.5.2023 година

3.8. РАБОТНИЧКИ КООПЕРАТИВИ

ПРВИТЕ РАБОТНИЧКИ КООПЕРАТИВИ ПРЕТСТАВУВААТ ЗДРУЖУВАЊЕ НА НЕКОЛКУ ЗАНАЕТЧИИ ОД ИСТ ПРОФИЛ, ЗА ПОТОА ВАКВИОТ ОБЛИК НА ЗДРУЖУВАЊЕ ДА СЕ РАЗВИВА И НАДГРАДУВА, ПА СЕ ПОЈАВУВААТ И ПОСЛОЖЕНИ ФОРМИ БАЗИРАНИ ДУРИ И НА КОРПОРАТИВНА БАЗА; ПРЕД СЌ ТУКА СЕ МИСЛИ НА ОНИЕ ПРОИЗВОДСТВЕНИ ПОГОНИ И ПОМАЛИ ФАБРИКИ КОИ ПО БАНКРОТИРАЊЕТО КАПИТАЛИСТИТЕ ГИ НАПУШТААТ ПОРАДИ НЕМОЖНОСТА ЗА ПРОФИТ ОД НИВ. .

Во текот на своето историско постоење работничките кооперативи се формирани во различни периоди, каде што владеат различни социо-економски и политички односи и токму затоа секогаш предностите од нивното формирање може да варираат во зависност од тоа кога и за каков вид кооператива се работи. Сепак, кога зборуваме за предностите, иако генерално најмногу ќе ги сретнеме оние што се врзани за економското и производственото работење на работничката кооператива, може да се забележат и социјалните предности. Подолу се дадени сите предности на работничките задруги.

1. **Работничките кооперативи се лесни за формирање.** - Гледано во глобални рамки, работничките кооперативи можат многу полесно да се формираат од другите форми на економско здружување и најчесто законската регулатива која го нормира ова прашање нуди јасни и концизни услови што треба да бидат исполнети, а тука спаѓа и Република Северна Македонија, односно согласно важечкиот Закон за задруги, каде што јасно стои дека може да се формира секаков вид кооператива и Законот не е ограничувачки во ниту еден негов член, а од друга страна, детално е објаснет начинот на формирање и работа на кооперативите.

2. **Членството во кооперативата е доброволно.** Секој работник или правна форма на работничко здружување што има потреба од услугите кои ги нуди кооперативата може слободно да ѝ се приклучи без притоа да биде дискриминирано.

3. **Ограничена одговорност на членовите.** Во најголем дел задругарите се одговорни само за нивните удели во друштвото, со што се елиминира стравот дека евентуалната ликвидација или стечај на кооперативата ќе значи и одговорност која ќе премине и на нивниот личен имот, иако има случаи на кооперативи со неограничена одговорност каде што задругарите одговараат за обврските солидарно и неограничено.

4. Демократско управување на членовите на кооперативата. Кооперативата е управувана на демократски начин, од страна на нејзините членови и од нив избрани претставници (кои може да бидат отповикани во секое време) и секој член има право на еден глас без разлика на големината на неговиот удел во кооперативата.

5. Стабилност и континуитет.
За разлика од модерните компании кои функционираат во капиталистичкото општество, кооперативите како економски единки нудат многу поголема стабилност и трајност поради тоа што тие не може да згаснат поради откажувањето на еден задругар или неговата неволност да продолжи да го дава својот несебичен придонес, сè додека за тоа не се донесе едногласна одлука од сите членки на кооперативата за нејзин престанок или тоа не биде наметнато од страна на судски орган кога работењето на кооперативата нема да биде во согласност со закон.

6. „Вишокот вредност, односно економски профит" се дели помеѓу членовите. Кај работничките кооперативи сето она што ќе се произведе дополнително, односно како вишок или што ќе се оствари како економски профит, секогаш се дели еднакво помеѓу задругарите согласно уделот што го имаат и овој профит не завршува во рацете на капиталистите, односно сопствениците на претпријатијата/компаниите.

Ваквите работнички задруги кај нас се карактеристични само во секторот земјоделство и рурален развој, додека пак во Европа над 2 милиони граѓани работат во правни лица кои се формирани како кооперативи и се под контрола на работниците.[15] Тука може да се спомене и задругата на самовработени жени – SEWA во Индија. Таа е основана во 1972 г. и денес организира речиси 1,6 милиони жени во локални задруги давајќи им можност да излезат од сиромаштијата и да обезбедат достоинствен приход. Истовремено, покрај работа, задругата на жените им овозможува и други сервиси/услуги, како што се храна, здравствена заштита, грижа за децата и засолниште за оние што немаат адекватен дом, пристап до банкарски услуги и заштеди бидејќи самата задруга има основано и банка. Банката, исто така, дава кредити и заеми за претприемништво и обезбедува микрокредитирање и микрофинансирање. Покрај овие услуги, на жените кои се во длабока сиромаштија задругата им нуди и тренинзи и обуки од областа на маркетингот, комуникациски вештини, зголемување на самодовербата, часови за описменување за оние што се неписмени. Најголем дел од членките се најсиромашните жени од руралните области, кои многу често се изолирани и маргинализирани во општеството. Како организациски модел, ги зближува жените од најниската класа, ја зголемува нивната самодоверба, продуктивност, економската активност. Лобира пред националните власти за сите проблеми и прашања за сиромашните жени од руралните средини.[16]

[15] Ибида

[16] http://www.sewa.org/

3.3. КООПЕРАТИВИ ЗА СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ

ПРАВО НА ДОМУВАЊЕ — ЕКОНОМСКО, СОЦИЈАЛНО И КУЛТУРНО ПРАВО НА СООДВЕТНО ДОМУВАЊЕ И ЗАСОЛНИШТЕ.[17] ОВА ПРАВО НА ДОМУВАЊЕ Е ДЕЛ И ОД УНИВЕРЗАЛНАТА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И МЕЃУНАРОДНИОТ ПАКТ ЗА ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛНИ И КУЛТУРНИ ПРАВА. ПРАВОТО НА ДОМУВАЊЕ[18] ВО НАШАТА ЗЕМЈА Е РЕГУЛИРАНО ВО ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ, НО ПРИТОА ТРЕБА ДА СЕ НАПОМЕНЕ ДЕКА НЕМА ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА СОЦИЈАЛНОТО ДОМУВАЊЕ. ВО ДРЖАВАТА ИМА ПРОЦЕДУРА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ КОИ СЕ ДОДЕЛУВААТ СО ОДЛУКА НА ВЛАДА[19], А ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА. СОГЛАСНО ОДЛУКАТА НА ВЛАДА, КОРИСНИЦИ НА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ МОЖЕ ДА БИДАТ СЛЕДНИТЕ КАТЕГОРИИ ГРАЃАНИ КОИ СЕ СТАНБЕНО НЕОБЕЗБЕДЕНИ:

- Деца без родители или родителска грижа – лица над 18 години кои до својата осумнаесетта година биле згрижени во институции и други облици за згрижување деца без родители;
- Корисници на правото на гарантирана минимална помош;
- Лица погодени од елементарни/природни непогоди без разлика на правниот статус на нивните постојни (примарни) живеалишта;
- Лица со попреченост и семејства со лица со попреченост;
- Припадници на ромската заедница кои се социјално загрозени согласно Стратегијата за Ромите на Република Северна Македонија;
- Самохрани родители со малолетни деца.

Според Здружението за унапредување на домувањето, животните услови и правата на станари ~ Организација за Домување на станари[20], листата со корисници на социјални станови, всушност, се базира само на лица од исклучително ранливи и маргинализирани заедници, кои или веќе живеат во сиромаштија или се во ризик од неа, но целосно ги исклучува луѓето со ниски приходи од пристап до достоинствено домување.

Исто така, **во законската регулатива и во одлуката на Владата не се вметнати жените жртви на насилство кои најчесто се економски зависни или жени во социјален ризик.**

[17] HTTPS://MK.WIKIPEDIA.ORG/WIKI/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BE_%D0%BD%D0%B0_%D0%B4%D0%BE%D0%BC%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5

[18] ЗАКОН ЗА ДОМУВАЊЕНТТРS://GAZIBABA.GOV.MK/WP-CONTENT/UPLOADS/2023/03/ZAKON_ZA_DOMUVANE_PRECHISTEN_TEKST_2022.PDF

[19] „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ"; ОДЛУКА НА ВЛАДА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ – HTTPS://WWW.SLVESNIK.COM.MK/ISSUES/664E44E3868C4905A6E7749DF7C3228A.PDF

[20] ДУКОСКА, Б.; СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ; ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ НА СТАНАРИ, 2022 ГОДИНА

Дополнително, малиот број социјални станови (во корпусот има само социјални станови сместени во згради со намена за социјално домување) го прави социјалното домување недостапна опција и за најранливите граѓани, а недостижна за станбено необезбедените граѓани во социјален ризик кои имаат приход кој не им е доволен за покривање на основните потреби за живот. Ваквото домување сега е недостапно и за младите кои се соочуваат со недоволно искуство за стабилно и добро платено работно место за да може да го напуштат семејниот дом и да се осамостојат[21].

Дополнително, ова **укажува на потребата од воведување различни форми, облици и начини преку кои ќе се овозможи социјалното домување,** а согласно практиката во Европа, особено во Шведска, еден од начините како да се надмине недостигот на социјални станови е токму основањето на кооперативи за социјално домување, односно здружено домување и управување со станбените единици.

Друг поволен момент што оди во прилог на основањето кооперативи за социјално домување е и додатокот за домување обезбеден согласно Законот за социјална заштита, во кој стои дека правото на додаток за домување се обезбедува на материјално и станбено необезбедени лица.

Материјално необезбедено лице е[22]:
- корисник на гарантирана минимална помош и
- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.



Начинот на остварување на правото на додаток за домување за корисници на гарантирана минимална помош го определува советот на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, а за лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа; образецот на барањето, потребната документација и начинот на остварување на правото на додаток за домување ги пропишува министерот.
Средствата за остварување на правото на додаток за домување се обезбедуваат од буџетот на општината, на Градот Скопје и на општините во Градот Скопје, односно од Буџетот на Република Северна Македонија. Средствата за остварување на правото на додаток за домување може да се обезбедат и преку донации, кредити и слично.

[21] Ибид, стр. 5

[22] https://www.mtsp.gov.mk/uslugi-ns_article-pravo-na-socijalno-domuvanje.nspx

[23] Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, „Сл. весник" бр. 24, 29.01.2021 година :https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1x28x922x364401x94935c4c694e9c75.pdf

ПРИМЕРОТ НА ШВЕДСКА – КООПЕРАТИВИ ЗА СОЦИЈАЛНО ДОМУВАЊЕ

Во Шведска задружниот модел на домување значи дека членовите на локалната станбена задруга заеднички ги поседуваат своите недвижности и станови, и се целосно одговорни за сопственоста, одржувањето и управувањето. Ваквиот модел на здружување е многу популарен во Шведска, па како што беше споменато и погоре, речиси една четвртина од станбениот фонд во Шведска, 23 %, е задружно домување. Првиот чекор кон овозможувањето на ваквото кооперативно социјално домување е донесувањето посебен закон за социјално кооперативно домување, што ќе биде ставено и како една од основните препораки во рамките на оваа анализа, како и основа за понатамошно застапување.

Во локална станбена задруга членовите заеднички ги поседуваат куќите и земјиштето што ѝ припаѓаат на задругата. Тие, исто така, се одговорни за управувањето и одржувањето на куќата или куќите. Основната цел е да им се овозможи на членовите право на стан и да се унапредат нивните финансиски интереси.


Поголемиот дел од членовите што живеат во локална станбена задруга се приклучуваат на веќе формирана и функционална станбена задруга. Тие ѝ плаќаат членарина на локалната задруга и економски удел, аванс, на членот кој ја продал својата сопственост, односно правото на стан. Исто така, тие ѝ плаќаат месечна такса на локалната задруга, која здружението ја користи за покривање тековни трошоци како што се греење, чистење, но и за подолгорочно одржување и реновирање на објектот. Големината на таксата зависи, пред сѐ, од трошоците што ги има здружението и од големината на станот во однос на целата зграда.

Начинот на организирање и управување на ваквите кооперативи е доста сличен со начинот на регулирање на функционирањето на кооперативите/задругите во нашиот правен систем, со што сите предуслови, освен законска регулатива во делот на социјално домување, се исполнети за заживување на ваквите правни механизми за економско зајакнување и социјална инклузија на жените жртви на насилство и општествена солидарност, како и обезбедување квалитетен и еднаков животен стандард за сите категории граѓани во државата.

4 ИНТЕГРАЦИЈА НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ВО СИСТЕМОТ ПРЕКУ ФОРМИРАЊЕТО ЖЕНСКИ КООПЕРАТИВИ

Законот за спречување и заштита од насилство[23] врз жени и семејно насилство регулира општи и специјализирани услуги за жени и девојки изложени на семејно насилство. Притоа, општите услуги се однесуваат на помошта што државните органи ја нудат, како што се социјални услуги, здравствени услуги, правосудни услуги, услуги за вработување и сл. кои обезбедуваат долгорочна помош и не се исклучиво дизајнирани во корист на жртвите на насилство, туку се достапни за сите граѓани. Специјализираните услуги, пак, обезбедуваат поддршка и помош кои одговараат на конкретните потреби на жртвите на различни видови насилство и семејно насилство и не се отворени за поширокатa јавност. Иако тие може да бидат услуги кои се водат или финансираат од Владата/министерствата/локалната самоуправа, поголемиот дел од нив ги нудат граѓанските организации. Пример, психосоцијална помош и поддршка во советувалиште за жени жртви на родово базирано/семејно насилство, Центар за привремен престој на жени жртви на родово базирано и семејно насилство итн.

СОГЛАСНО **НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА 2018-2027**[24], ПРИСТАПОТ ДО МОЖНОСТИТЕ ЗА РАБОТА И КРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО СЛОБОДНО ВРЕМЕ ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДУВА НА ДВА НАЧИНА: ИЛИ ПРЕКУ ИНДИВИДУАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ, СО ПОДДРШКА ОД ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ ИЛИ ПРИДРУЖБА ОД РАБОТНИЦИ ЗА ПОДДРШКА, ВО АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, ЗДРУЖЕНИЈАТА И ПРОСТОРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ И СОЦИЈАЛЕН ЖИВОТ; ИЛИ ПРЕКУ **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ МОЖНОСТИ ЗА ГРУПНА ИЛИ СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА ВО ЗАЕДНИЦАТА (ДНЕВНИ ЦЕНТРИ, СОЦИЈАЛНИ КЛУБОВИ, РАБОТИЛНИЦИ, СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И КООПЕРАТИВИ,** ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА, ЗДРУЖЕНИЈА НА КОРИСНИЦИ И КУЛТУРНИ И СПОРТСКИ ГРУПИ). ВАКВИТЕ АКТИВНОСТИ ТРЕБА ДА БИДАТ ОСМИСЛЕНИ СО НАЈГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ ВО ОСНОВНИТЕ СТОЛБОВИ НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА, ЕДНА ОД МЕРКИТЕ И ПОЛИТИКИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГО ПОДДРЖУВААТ ОВОЈ ПРОЦЕС Е ТОКМУ СОЦИЈАЛНОТО ДОМУВАЊЕ. ИАКО СЕ СПОМЕНАТИ САМО УСЛУГИТЕ И ГРИЖАТА ЗА ВОЗРАСНИТЕ ЛИЦА И ДЕЦАТА ВО ЗАЕДНИЦАТА, КАДЕ ШТО СТОИ ДЕКА ЗА ДНЕВНИ АКТИВНОСТИ ЌЕ ПОСТОЈАТ ДНЕВНИ ЦЕНТРИ И СОЦИЈАЛНИ КЛУБОВИ, СЕ СПОМЕНУВА И ОСНОВАЊЕТО И ПОСТОЕЊЕТО НА РАБОТНИ КООПЕРАТИВИ И СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ ЌЕ ИМ ОВОЗМОЖАТ РАБОТНО АНГАЖИРАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГИТЕ ВО ИСТО ВРЕМЕ. ОВА МОЖЕ ДА СЕ ПРОШИРИ И НА УСЛУГИТЕ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО, ОСОБЕНО ВО ДЕЛОТ НА НИВНОТО ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ, СОЛИДАРНОСТ И ВКЛУЧЕНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА. ВО РАМКИТЕ НА ОВАА СТРАТЕГИЈА СЕ СПОМЕНУВААТ И ГРУПНИТЕ ДОМОВИ ШТО БИ ТРЕБАЛО ДА СЕ ИЗГРАДАТ И ОВОЗМОЖАТ СО СИСТЕМСКА ПОДДРШКА, НО И СО НОВИ ФОРМИ НА КОХАБИТАЦИЈА КАКО СПОДЕЛЕНО ДОМАЌИНСТВО, ЗАЕДНИЦИ ЗА ДОМУВАЊЕ И **КООПЕРАТИВИ.**



[23] Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, „Сл. весник" бр. 24, 29.01.2021 година; https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9b75.pdf

[24] Национална Стратегија за деинституционализација за Република Македонија, 2010 – 2027 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%A0%D0%B5%D0%BF%D1%83%D0%B1%D0%BB%D0%B8%D0%BA%D0%B0%20%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0%2C%202010%20-%202027.pdf

4.1. ЖЕНСКИТЕ ЗАДРУГИ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Во светски рамки поголемо е учеството на жените во потрошувачките задруги споредено со земјоделските, иако земјоделството постепено станува сè повеќе феминизирано, односно бројот на жени што се занимаваат со земјоделство постепено го надминува бројот на мажи што се занимаваат со земјоделство. Соодветно на тоа, теоретски се очекува членството на жени во земјоделски задруги пропорционално да се зголемува. Во светски рамки задругите во кои членуваат само жени честопати обезбедуваат и други услуги со цел олеснување и овозможување поактивно вклучување на жените во земјоделските и другите типови задруги. Другите услуги што ги обезбедуваат најчесто се сервиси за чување и/или дневен престој на децата и згрижување на постарите и лицата со попреченост.

Женските задруги најчесто се сметаат за социјални претпријатија кои се појавуваат како одговор на многу вообичаени проблеми во транзициските економии како што е Србија, и тоа: структурна невработеност, дефицити во владиниот буџет, несоодветност на традиционалните социјални политики и потреба од поактивни мерки за социјална интеграција.

Според српските експерти во областа на женското претприемништво и задругарство[25], во рамките на 900 задруги една третина се женски задруги кои претежно работат во земјоделството. Со приватизацијата на услугите за социјална помош и со децентрализацијата на администрацијата, каде што социјалните претпријатија се охрабруваат како даватели на јавно добро, како и со новата законска и земјоделска поддршка, се смета дека во задругите ќе се зголеми учеството на жените, особено во делот на социјалното претприемништво, како и за препознавање и искористување на новите можности што ќе може да ги искористат, како за економски бенефит така и за дејствување во услови на ограничени ресурси. На таков начин директно ќе се зголеми економската и социјална инклузија генерално на жените, но истовремено ќе ги опфати и жените што се наоѓаат во социјален ризик.

[25] Гроздаников, Р.; Балчетиќ, Ј.; Вукосављевиќ, Д.: „Можностите на женското претприемништво преку развој на кооперативите – случајот на Србија"; https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=526361

Според последниот попис во Босна и Херцеговина, повеќе од 2,5 милиони граѓани живеат во рурални средини. 14 % од вработените жени работат во областа на земјоделските активности, не земајќи ги предвид оние што се пензионирани и работат во неплатениот сектор (бидејќи нема точни податоци). Сепак, и покрај овие бројки, недостига

Задругата „Жена" е основана во 2013 година. Претставува земјоделска задруга (прво само за жени во Босна и Херцеговина) чија цел е економско јакнење на жените преку агробизнис. Тоа е пример за поддршка на женското претприемништво во руралните средини каде што жените претежно работат во земјоделството, но ретко се сопственици на агробизниси. Вештините што се пренесуваат се насочени кон економска независност на жените и помагање во регистрирањето сопствени агробизниси и преземањето поактивна улога во сопственото економско зајакнување и социјална инклузија. Предизвик со кој се соочуваат овие жени е општиот стереотип за мажите во руралните средини кои поседуваат земјиште и бизниси, додека жените треба да работат само на полиња итн. Сепак, преку задругата „Жена" жените се мотивирани да станат сопственици на комерцијални агробизниси, што значи дека тие стануваат самовработени лица кои имаат здравствено и пензиско осигурување, додека целото нивно семејство има право на здравствена заштита. Ова е одлична перспектива за вработување земјоделки, чии ресурси можат да бидат насочени кон: а) започнување бизнис; б) вработување други жени како што расте бизнисот; и в) право на целосна здравствена заштита и други бенефиции..

Здружението на граѓани „Лужнички ракотворби – Женски економски центар" е основано во 2008 година во Република Србија, а неговата единствена цел била да ги зачуваат и негуваат старите занаети во општината. Но, како што се развивала нивната работа во руралните средини, увиделе дека има голем број домаќинства со повозрасни членови каде што младите се иселиле, па решиле да основаат задруга и да ја создадат услугата „Домашна помош" за стари лица. На ова здружение и кооператива им биле потребни околу 6-7 години за да ја добијат лиценцата за услугата „Домашна помош" што ја извршуваат од 2015 година, а денес имаат голем број т.н. геронто-домаќинки кои обезбедуваат лиценцирани услуги за овие стари домаќинства[28].

Ова здружение ја продолжува својата дејност во општината Бабушница. каде што првиот европски проект т.н. ПРОГРЕС го добива во 2015 година – доделува по пет оранжерии на сиромашни семејства и жени со попреченост, со што започнуваат да го шират органското производство. По три години работа, веќе имаат 17 оранжерии и 17 вклучени жени, некои од нив со попреченост, а некои од сиромашни семејства.

[26] Women Entrepreneurship in the Western Balkan: Stocking on constraints and good practices; Gender Alliance for Development Center, (2023) , Regional Cooperation Council and European Union

[27] Ибид, стр. 137

[28] Women's cooperatives from Luznicki region; https://socijalnoukljucivanje.gov.rs/en/womens-cooperative-from-the-luznicki-region-growing-and-processing-organic-produce-and-hiring-women-with-disabilities/



Понатаму, поради ширењето на побарувачката и пазарите до кои стигнувале нивните производи, решиле да ги пласираат преку основање нова задруга „Дарови Лужниче", првата органска женска задруга на југот на Србија. Веќе неколку години овие жени произведуваат ајвари, пинџури и лутеници и успеваат да ги продаваат дури до Белград, а имаат и соодветна поддршка од тамошното министерство за земјоделство за создавање мини производствена

Во **Косово**, пак, има посебна програма која обезбедува над 1 милион евра за специфични целни групи, вклучувајќи ги и жените што се сопственички на мали бизниси, самовработени или пак членки и/или управителки на кооперативи.

Сепак, проценатa на мерките од Програмата за економско зајакнување, според Регионалниот совет за соработка[29], покажува дека одредени групи жени се изоставени, иако се развиени директни мерки за поддршка на жените.

Жените што биле вработени неформално, неформалните земјоделки и самохраните мајки не се експлицитно вклучени во мерката за поддршка на положбата на жените во општеството, а особено жените што работат неформално и земјоделките се изоставени поради критериумите за аплицирање.

[29] Women Entrepreneurship in the Western Balkan: Stocking on constraints and good practices; Gender Alliance for Development Center, (2023), Regional Cooperation Council and European Union

ЗАКЛУЧОК

1. Во Република Северна Македонија здружувањето во задруги е препознаено многу одамна и е доминантно во земјоделството, но недовербата и уништувањето на задругите во минатиот социјалистички систем се сметаат за главна пречка за нивен позабележителен развој во системот на државата.

2. Најчесто основањето на задругите е од економски интерес и заради зголемување на конкурентноста на дејноста, односно економските бенефити на членовите што се здружуваат.

3. Според официјалните податоци од институциите, во нашата држава има околу 60 кооперативи и само 16 % од нив се раководени од страна на жени, а околу 99 % се основани во земјоделската дејност.

4. Најчести предизвици/пречки за жените во задругарството се традиционалните бариери, стереотипи, традиционалната поделба на улогите на машки и женски, како во домот така и во другите сфери од општественото живеење, што влијае и врз начинот на работа и управување со задругите, финансиската одржливост, информираноста, едукацијата, менаџерските вештини.

5. Дел од основните принципи што се споменати во важечкиот Закон за задруги се поврзани со образование, информирање, едукација, како и грижа за заедницата, што пак ги прави поволни форми за здржување и од аспект на женската солидарност и обезбедувањето социјална заштита за жени жртви на насилство, како и жени во социјален ризик

6. Женските задруги во земјоделството, руралниот развој, а во насока на зголемување на економскиот бенефит на жените, се доминантни како структури на здружување, односно задругарство, и во земјите од Западен Балкан.

ЗАКЛУЧОЦИ

7. Иако државата ги препознава услугите за социјална заштита на жените жртви на насилство, сепак, ги нема потребните капацитети за нивно обезбедување согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

8. Граѓанските организации се јавуваат како лиценцирани даватели на услуги по исполнување високи критериуми воспоставени од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, додека пак задругите сè уште не се препознаени како форма на здружување која може активно да дејствува и во полето на социјална заштита.

9. Кооперативите може да бидат подобни и да се јават како даватели на дел од социјалните услуги утврдени согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, како што се: информирање и упатување, советувалиште за жртви на насилство, шелтер-центар за привремен, па и краткотраен престој на жртви и сл.

10. Република Северна Македонија го нема посебно регулирано социјалното домување, односно постои само генерално дефинирање во Законот за домување.

11. Иако нема посебна законска регулатива, во Стратегијата за деинституционализација 2018-2027 се споменуваат кооперативите како форми за домување, даватели на услуги, давање помош и грижа, како и згрижување, што го отвора просторот за понатамошно дејствување во насока на основање задруги за социјално домување, работнички задруги, односно да се прошири дејноста на дејствување која е овозможена со Законот за задруги.

12. Работничките кооперативи во системот и општеството на Република Северна Македонија се непрепознаени како форма на здружување на работниците заради зголемување на нивниот економски бенефит иако во Европа речиси секој четврти граѓанин е дел од некој вид здружување/кооператива.

ПРЕПОРАКИ

1. Потребна е поголема промоција и препознавање на задругите најпрво како форма на здружување, па потоа да се работи повеќе и на проширување на нивната дејност и во делот на социјална заштита и заштита на жените жртви на насилство, но и нивна целосна социјална и економска реинтеграција во системот.

2. Потребно е да се зајакне меѓуинституционалната и меѓусекторска соработка на засегнатите чинители (институции, општини, граѓански организации, задруги) за да се овозможи основање и дејствување на женски задруги заради социјални интереси на членките и појава на задругите како даватели на социјални услуги.

3. Зајакнување на свеста кај жените, па и жените жртви на насилство, за здружување во кооперативи кои освен социјална заштита ќе се стремат и кон економско женско зајакнување.

4. Зголемување на информираноста, неформалната едукација, како и менаџерските и лидерски вештини кај жените, кои се јавуваат како неопходни за успешно основање и водење кооператива.

5. Обезбедување долгорочна финансиска поддршка од различни извори на финансирање кои ќе овозможат непречено функционирање на женските кооперативи на долг рок, како даватели на социјални услуги и истовремено како генератори на економски приходи за лицата во социјален ризик што ќе бидат дел од кооперативното здружување.

6. Поради недоволниот број центри за привремен престој (шелтер-центри), државата и локалната самоуправа треба многу повеќе да ги вклучуваат граѓанските организации, но и другите форми на здружување, како што се кооперативите, во обезбедувањето на оваа услуга, а дополнително кооперативите може да се јават и како центри за советување, односно советувалишта каде што основниот влог, односно финансиската поддршка би ја дала државата, односно Министерството за социјална политика, демографија и млади и/или општините.

ПРЕПОРАКИ

7. Потребен е стратешки долгорочен пристап, како и воведување политики и мерки на долг рок кои ќе го охрабрат женското задругарство, како и зголемување на бројот на жени и како членки на задругите и како дел од управувачките структури и позиции. Воедно, потребно е воведување на концептот на кооперативно здружување и во стратешките документи и насоки во областа социјална заштита и препознавање на задругите како форми на згрижување и зајакнување на жените во социјален ризик и жените жртви на насилство.

8. Задругите може да се јават во две улоги доколку се поттикне нивниот развој и поддршка, и тоа од една страна како здружување на жени жртви на насилство заради нивно економско зајакнување и стекнување економска независност, а од друга страна, како директни даватели на социјални услуги во делот на информирање и упатување, привремен центар за престој или, пак, советувалиште за жртви на родово базирано, семејно, сексуално и други видови насилство.

9. Препознавање на задругите како легитимна форма на претпријатие и вклучување на кооперативниот модел во образовниот курикулум во средното образование, во делот за бизнис и претприемништво, но и во делот за граѓанско образование каде што здружувањето во задруги би било препознаено и како форма за социјална заштита и економско зајакнување на жени во социјален ризик.

10. Донесување закон за социјално домување кој ќе опфати поголем број различни категории граѓани за кои ќе биде достапна услугата социјално домување, а и ќе се поттикне основањето на кооперативи за социјално домување по примерот на Шведска и другите европски земји.

11. Поголема промоција и информирање во локалните заедници за концептот на кооперативи кои не мора исклучиво да бидат земјоделски, туку кооперативи што ќе овозможат здружување на најразлични профили на работници заради зголемување на нивниот економски бенефит и социјален статус во општеството.

1. Fiona Duguid and Nadya Weber, (International Co-operative Alliance, 2016) Gender equality and women's empowerment in co-operatives достапно на https://www.ica.coop/sites/default/files/publication-files/womencoops-literature-review-1641374184.pdf

2. Europen economic and social commitee, https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2005:234:0001:0007:EN:PDF

3. Investing in collective action:opportunities in agrifood cooperatives (FAO, Food and Agriculture, 2018) http://www.fao.org/3/ca1198en/CA1198EN.pdf

4. Eva Majurin, (ILO, 2012) How women fare in East African cooperatives: the case of Kenya, Tanzania and Uganda, https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/---emp_ent/---coop/documents/publication/wcms_735776.pdf

5. Земјоделски задруги, можности и предизвици, трета работна сесија, https://nkeu.mk/wp-content/uploads/2018/12/RG1-RS3-Zemjodelski-zadrugi-MK.pdf

6. Цели за одржлив развој, https://konekt.org.mk/klub-na-odgovorni-biznisi/united-nations-global-compact/sdgs-and-10-principles/celi-na-odrzhliv-razvoj/

7. Закон за задруги, „Сл. весник", бр. 101, 16.05.2023 година

8. М. Краљевски, Работнички кооперативи – „Социјалистички острови" во капиталистичкото море (Скопје, 2014), https://solidarnostblog.wordpress.com/2014/05/07/rabotnichki-kooperativi/

9. 24 Инфо, Во структурата на земјоделските задруги само 7 отсто млади и 16 проценти жени https://24info.mk/%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D0%BA%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B0%D0%B4%D1%80/

10. Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027), достапна на: https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B8-%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-2021-2027.pdf

11. Енер: Закон за задруги, Извештај за проценка на влијание на регулатива, 27.09. 2019, https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=54545

12. R193 - Promotion of Cooperatives Recommendation, 2002 (No. 193) достапно на https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:R193

13. Fiona Duguid and Nadya Weber, (International Co-operative Alliance, 2016) Gender equality and women's empowerment in co-operatives достапно на https://www.ica.coop/sites/default/files/publication-files/womencoops-literature-review-1641374184.pdf

14. ILO, Leveraging the cooperative advantage for women's empowernment and gender equality, https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/---emp_ent/---coop/documents/publication/wcms_307217.pdf

15. Македонска асоцијација на земјоделски задруги; Анализа на состојбата на жените во земјоделските задруги, 2020 година, стр. 24

16. Гроздаиќ, Р.; Бајчетиќ, Ј.; Вукосављевиќ, Д.; „Можностите на женското претприемништво преку развој на кооперативите – случајот на Србија"; https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=526361

17. Women Entrepreneurship in the Western Balkan: Stocking on constraints and good practices; Gender Alliance for Development Center, (2023) , Regional Cooperation Council and European Union

18. Women's cooperatives from Luznicki region; https://socijalnoukljucivanje.gov.rs/en/womens-cooperative-from-the-luznicki-region-growing-and-processing-organic-produce-and-hiring-women-with-disabilities/

19. Women Entrepreneurship in the Western Balkan: Stocking on constraints and good practices; Gender Alliance for Development Center, (2023) , Regional Cooperation Council and European Union

20. http://www.sewa.org/

21. Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, „Сл. весник", бр. 24, 29.01.2021 година; https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf

22. Кирков, Б.; Извештај од мапирање на услугите на жени и девојки изложени на насилство и семејно насилство во Северна Македонија, ЕХО Едукативна Хуманитарна Организација Штип, 2023 година; https://www.eho-org.mk/images/izvestaj_mapiranje_uslugi.pdf

23. Закон за домување; https://gazibaba.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/Zakon_za_domuvane_prechisten_tekst_2022.pdf „Службен весник на РСМ"; Одлука на Влада за распределба на социјални станови - https://www.slvesnik.com.mk/Issues/664e44b3868d4905a6f7749df7e3228b.pdf

24. Дукоска, Б.; Социјално домување; Организација за домување на станари, 2022 година; https://hto.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/socijalno-domuvanje_compressed.pdf

25. Национална Стратегија за деинституционализација за Република Македонија, 2010 – 2027 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2018/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D0%B8%D0%BD%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D1%83%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%202018-2027-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%20%D0%BD%D0%B0%D1%86%D1%80%D1%82%20(%D0%9C%D0%9A).pdf

ткаење
олидарност

од раце од срце

осмислување на заедништвото преку
женското кооперативно здружување



